# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **27.02. 2026 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 3** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Свети Николе за време на оддржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми бр. 0801 – 168 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.05/02„ и„Службен весник на РСМ бр.202/24,), член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ бр.64/04.......71/16„) и член 8 точка 41 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр.03/2021), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Свети Николе за време на одржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Свети Николе за време на одржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми се продолжува и тоа:

- За време на чествувањето на празникот “Свети Николај” Патрон на градот Свети Николе работното време се продолжува за еден час во траење од два дена;
- За време на одржувањето на меѓународниот фестивал “Тодорова сабота”работното време се продолжува за еден час час во траење од два дена;
- За време на одржување на културната манифестација” Беле ноќ Свети Николе” работното време се продолжува за два часа во траење од еден ден;
- За време на одржување на настанот “Моторијада”која традиционално се одржува во Општина Свети Николе работното време се продолжува за еден час во траење од два дена.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801 - 168** **Совет на Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување на член во Управен Одбор на ЈКП “Комуналец” – Свети Николе бр. 0801 – 169 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/2** **Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.Весник на РСМ„ бр. 202/2024), како и член 17 став 3 од Законот за Јавните Претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19,) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на член во Управниот Одбор на ЈКП “Комуналец” – Свети Николе**

**Член 1**

Од член на Управен Одбор на ЈКП “Комуналец” се разрешува:

**- Владимир Тосев**

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801- 169** **Совет на Општина Свети Никол**
**27.02. 2026 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање Согласност на Одлука за утврдување на износот на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите бр. 0801 – 170 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/3**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа начлен 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и член 191 став (2) од Законот за заштита на деца („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14,10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21150/22,265/24, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе

**Одлука**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува месечниот износ на надоместокот на трошоците за престој во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите во установата за деца и пресметувањето и наплатата на надомест за време на отсуство на детето.

**Член 2**

Износот на надоместокот на трошоците за престој во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги се утврдува месечно по дете и тоа:

а. За програма за целодневен престој - за дете до 6 години возраст.................2.000,оо денари
б. За програма за полудневен престој - за дете до 6 години возраст.................1.135,оо денари
в. За престој и исхрана на дете над 6 до 10 години возраст..................................2.000,оо денари.

За деновите на најавено и оправдано отсуство на детето, наплатата треба да се врши така што за првите пет (5) работни дена отсуство, корисникот на услугата треба да го плати целиот износ за престој, а за секој нареден ден најавено и оправдано отсуство се намалува за 65%.

Износот од член 2 на оваа Одлука ќе се усогласува еднаш годишно, според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%, согласно следната формула:

$$И^1 = И^0 \times (0.5 \times ГИТЖ + 0.5 \times ПП)$$

$И^0$ = основен износ (2.000 денари/1.135 денари зависно од програмата)

ГИТЖ = годишен индекс на трошоци на живот во однос на претходната година (изразен како процент)

ПП = пораст на просечно исплатената нето плата по вработен во однос на претходната година (изразен како процент)

$И^1$ = износ за усогласување

$И^1$ (износ за усогласување) ќе се додава на моменталната ценаи добиената усогласена цена ќе претставува износот на надоместокот на трошоците за престој во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги месечно по дете.

Добиената усогласена цена ќе претставува $И^0$ (основен износ) за следните усогласувања.

**Член 3**

Општинската јавна установа за деца – детска градинка „Рахилка Гонева“ Свети Николе е должна да ги извести родителите за секое усогласување на цените преку огласна табла,локални медиуми и групите каде што престојуваат децата.

**Член 4**

Од учеството на корисникот на услугата – родителот се обезбедуваат најмалку 65% за прехранбени производи за исхрана на децата, а остатокот од 35% за другите елементи од надоместокот (материјални трошоци).

**Член 5**

По донесување на оваа Одлука, Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николево рок од 30 дена ќе донесе Правилник со кој поблиску ќе ги утврди мерилата и критериумите за утврдување на надоместок – цена на услугите што паѓа на товар на родителите во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0801-170**
**27.02.2026 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање во закуп на недвижна ствар-имот во сопственост на Општина Свети Николе – хотелски комплекс во општина Дојран бр. 0801 – 171 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/4**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/2002) член 8 став 1 точка 23 од Статутот на општина Свети Николе „Службен гласник на општина Свети Николе“ бр.03/2021) како и член 3 став 2, член 7 став 3, член 36,37,38 и 39 а во врска со член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање во закуп на недвижна ствар-имот во сопственост на Општина Свети Николе – хотелски комплекс во општина Дојран**

**Член 1**

Со оваа одлука поблиску се определува недвижниот имот што ќе биде предмет на закуп согласно критериумите утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост во сопственост на Општина Свети Николе.

**Член 2**

Предмет на закуп ќе биде недвижен имот- хотелски комплекс во општина Дојран, ул.„Маршал Тито“ бр.1 за период од 10 години:

1. Недвижен имот заведен во Имотен лист бр.7140 КО Сретеново и тоа:

- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси , површина 14 m2;

- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 61 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 435 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 17 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 20 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 11 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 103 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 315 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 13 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 28 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 317 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 13 m2;
-
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 28 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси , површина 357 m2;
- КП 1059, Објект 1, намена Б5-1 Хотелски комплекси, површина 14 m2;

**Член 3**

Закупот на недвижниот имот ќе се врши со електронско јавно наддавање и висината на почетната месечна закупнина ке изнесува 0,5% од проценетата вредност на имотот утврдена од овластен проценител согласно со Законот за процена.

**Член 4**

Средствата остварени од закупот или давањето на користење на стварите во општинска сопственост се приход на Буџетот на општините

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ке се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801-171**
**27.02. 2026**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за отстапување на водоводната мрежа во М.З. Пеширово на ЈКП "Комуналец" Свети Николе бр. 0801 – 172 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/5**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24"), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 27.02. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на водоводната мрежа во М.З. ПеШирово**
**на ЈКП "Комуналец" Свети Николе**

**Член 1**

Се отстапува на користење, управување и одржување примарната и секундарната водоводна мрежа во МЗ ПеШирово на ЈКП Комуналец Свети Николе.

**Член 2**

Одлуката ќе се изврши на тој начин што Комисија составена од стручни лица во ЈКП Комуналец лице вработено во Општина Свети Николе задолжено за односи со месните заедници и претставник на месната заедница во с. ПеШирово ќе состават записник за примопредавање.

Во записникот ќе се констатира опремата која се предава, како што се резервоари, водоводна мрежа, пумпи и сл.

**Член 3**

ЈКП Комуналец Свети Николе е должно водоводната мрежа и нејзините составни делови да ги одржува на начин со кој ќе се обезбеди нејзино непречено функционирање, а според правилата за дистрибуција на вода за пиење до домакинствата.

**Член 4**

По превземањето на водоводната мрежа на одржување, ЈКП Комуналец Свети Николе има обврска да утврди цена за дистрибуирана чиста вода за пиење до секое домаќинство која ќе се наплаќа според количините кои како потрошени се евидентираат на мерната опрема кај секое домакинство.

Цената утврдена од страна на јавното претпријатие ќе се применува по добиената согласност од страна на Советот на Општина Свети Николе.

**Член 5**

ЈКП Комуналец Свети Николе е должно водоводната мрежа да ја користи и одржува како добар домаќин.

Трошоците за одржување на мрежата, отстранување на дефектите и останатите трошоци за одржување и непречено функционирање на водоводната мрежа паѓаат на товар на ЈКП Комунаалец.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во" Службен гласник на Општина Свети Николе" .

**Бр. 0801 - 172** | **Совет на Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** | **Претседател,**
**Свети Николе** | **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за одржување на јавно осветлување на Општина Свети Николе за 2026 година бр. 0801 – 173 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/6**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

# ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ 2026

Врзоснованачлен 15 одЗаконотзакомуналнитакси („Службенвесникна РСМ бр.61/2004; 64/05; 92/07; 123/12 153/15; 192/15 и 23/16) ),како и член 8 одСтатутотнаОпштинаСветиНиколе

## ПРОГРАМА

**заодржувањенајавнотоосветлувањевоОпштинаСвети Николеза2026година**

Сопрограматазакористење и одржувањенајавнотоосветлувањенаподрачјетонаОпштинаСвети Николе за2026годинасевршираспределбанасредстваташтонаОпштинаСвети Николе и припаѓаатсогласноЗаконотзакомуналнитаксизакористење и одржувањенајавнотоосветлувањевосервисните и станбенитеулици. Средстватаќесекористатзатековнапотрошувачканаелектричнаенергија и заодржувањенаинсталациитезаосветлувањевосервисните и станбенитеулицинаподрачјетонаОпштината.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**наПрограматазакористење и одржувањенајавнотоосветлувањенаподрачјетонаОпштинаСвети Николеза2026година**

| Ред.бр | Извор на приходи | Буџет 2026п |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок од комунална такса за јавно осветлување | 18 000 000 |
| | **Вкупно:** | 18 000 000 |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**наПрограматазајавноосветлувањеза 2026 година**

| Ред.бр | Планирани расходи | мкд |
|---|---|---|
| 1 | Фактури за потрошена електрична енергија | 3 000 000 |
| 2 | Одржување и материјали | 1 500 000 |
| | **Вкупно:** | **4 500000** |

## ПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗВЕДУВААТ ВРЗ ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

- Редовна замена на прегорени светилки
- Замена на искршени заштитни стакла
- Замена на неисправни фасонки
- Замена на осигурувачи
- Замена на оштетени кабли и водови во мрежата на јавното осветлување
- Подесување на уредите за контрола на вклучување и исклучување на осветлувањето
- Инсталација на астро релеи за контрола на осветлувањето
- Растеретување на преоптоварени линии во мрежата за јавно осветлување
- Регулирана инсталација на нови сијалични места  каде има потреба
- Отстранување на постоечки сијалици на места каде нема потреба од истите
- Проширување на мрежата на јавното осветлување на новоизградени улици
- Контрола на инсталираната моќност во мрежата поради заштеда на енергија
- По потреба инсталација на осветлување за настани од културен и спортски карактер
- Инсталирање на светлечки реклами на метални столбови за јавно осветлување
- Други работи поврзани со јавното осветлување

Сите работи се изведуваат согласно законот за Енергетска ефикасност, член 11, став 2, со што општина Свети Николе ја следи и управува со потрошувачката на електрична енергија во јавното осветлување на начин на кој се сотварува заштеда на електрична енергија.
Инсталацијата на нови потрошувачи ќе се врши исклучиво со претходна проверка на терен дали има потреба или не од нови светлечки тела.

Набавката на материјалите ќе се одвива во  зависност од потребите, без создавање на резерви.

Материјалот потребен за одржување на осветлувањето го набавува субјектот со кој е потпишан договор за одржување на Јавното осветлување.

## ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Редовнотоодржувањенајавнотоосветлувањесеизведувапрекуподнесувањена барањаодстрананаграѓаните, месните и урбанитезаедницикоисеоднесуваатнаутврдувањенадефектинауличноосветлу вање и проширувањенауличнотоосветлување.Истотакасевршатредовниконтролисо записник засогледувањенасостојбите и отстранувањенаутврдênитедефекти, односнодоведувањенајавнотоосветлувањевоисправнасостојба.

Надзорнадредовнотоодржувањенајавнотоосветлување, проверканапристигнатитефактуризанаплатанаизвршенитеработикако и динамикатананаменскотокористењенасредстватавршиодделениетозакомун алниработиприопштина Свети Николе. Висината на сумата за исплата, за одржувањето, зависи од бројот на извршени интервенции и употребениот материјал.

Набавкатанаматеријалотзапроширување и одржувањенајавнотоосветлување е предметнадоговорштото е склученпомеѓусубјектотштоговршиодржувањетонајавнотоосветлување и општина Свети Николе.

Одржувањето на јавното осветлување го врши “ ЈКП – Комуналец – Свети Николе “ врз основа на склучен договор.

СпроведувањетонаПрограматазајавноосветлување и неговоодржувањевоопштинаСвети Николе за2026 година. јаследиОдделениетозакомуналниработи во општина Свети Николе.

## ИНФРАСТРУКТУРА

Општина Свети Николе располага со вкупно **64**мерни места и **2622** светилки со вкупна инсталирана моќност од **89,96 KW.**

| Населено место | Број на мерни места | Број на сијалици | Инсталирана моќност (KW ) | Должина на линија ( m ) |
|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | 37 | 1909 | 67.5 | 76360 |
| Амзабегово | 2 | 60 | 1.7 | 2400 |
| Горобинци | 3 | 73 | 2.2 | 2920 |
| Долно Ѓуѓанци | 2 | 46 | 1.4 | 1840 |
| Долно Црнилиште | 2 | 40 | 1.2 | 1600 |
| Горно Црнилиште | 1 | 38 | 0.8 | 1520 |
| Ерџелија | 4 | 98 | 3.7 | 3920 |
| Крушица | 1 | 20 | 0.6 | 800 |
| Малино | 1 | 20 | 0.6 | 800 |
| Немањици | 1 | 33 | 1 | 1320 |
| Преод | 1 | 20 | 0.6 | 800 |
| Павлешенци | 1 | 43 | 1.3 | 1720 |
| Мустафино | 2 | 65 | 2.5 | 2600 |
| Пеширово | 1 | 30 | 0.9 | 1200 |
| Сопот | 1 | 33 | 1 | 1320 |
| Стањевци | 1 | 32 | 0.95 | 1280 |
| Кадрифаково | 1 | 23 | 0.7 | 920 |
| Кнежје | 1 | 19 | 0.7 | 760 |
| Трстеник | 1 | 20 | 0.6 | 800 |
| **ВКУПНО** | **64** | **2622** | **89.95** | **104880** |

Општина Свети Николе ,во просек, годишно троши **340 MWh**електрична енергија за јавно осветлување.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **W** | ***LED*** | ***Hg*** | ***инст.моќ W*** |
| **18** | **569** | | 10242 |
| **20** | **50** | | 1000 |
| **30** | **1251** | | 37530 |
| **40** | **377** | | 15080 |
| **50** | **196** | | 9800 |
| **70** | **61** | | 4270 |
| **100** | **88** | | 8800 |
| **200** | **6** | | 1200 |
| **160** | | **16** | 2560 |
| **300** | **8** | | 2400 |
| **15** | **0** | | 0 |
| **вкупно** | **2606** | **16** | **92882** |
| | | | |
| | **2622** | | |

- Број и моќност на сијалици

Во табелите подолу се прикажани извршените работи, број на интервенции и заменети материјали како и парични средства за секоја од нив за 2025 година.

| МАТЕРИЈАЛИ | ЈАН | ФЕБ | МАРТ | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕМ | ДЕК | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНТЕРВЕНЦИИ** | **40** | **46** | **29** | **26** | **66** | **69** | **33** | **91** | **55** | **54** | **49** | **70** | **628** |
| **сијалица 18W** | 15 | 22 | 2 | 6 | 19 | 18 | 9 | 24 | 13 | 12 | 15 | 24 | **179** |
| **сијалица 20W** | 2 | 1 | 1 | | 4 | 1 | | 3 | | 1 | | | **13** |
| **сијалица 30W** | 15 | 11 | 16 | 15 | 26 | 18 | 7 | 36 | 17 | 25 | 20 | 24 | **230** |
| **сијалица 40W** | | | | | | | | | | | | | **0** |
| **лед 30W** | 2 | | | 1 | | | | 6 | | 1 | 2 | 8 | **20** |
| **лед 50W** | | 6 | 3 | 1 | 9 | 5 | 4 | 3 | 11 | 2 | 5 | 2 | **51** |
| **лед 100W** | 2 | | | | | | 1 | | | | 1 | 10 | **14** |
| **лед соларни100W** | | | | | | | 9 | | | | | | |
| **рефлектор 50W** | | | | | | | | | | 3 | | | |
| **рефлектор 100W** | | | | | | | | | | | | | **0** |
| **рефлектор 300W** | | | | | | 8 | | | | | | | |
| **канделабра** | | | | | | | | 1 | | | | | |
| фасонка | 3 | 3 | | | 2 | 3 | 1 | 2 | 1 | 3 | | 1 | **19** |
| заштитно стакло | 2 | 4 | | 1 | | 1 | | 1 | 1 | 3 | | 1 | **14** |
| СКС кабел 2x16 | 25 | 40 | 50 | | 30 | 75 | 40 | | 50 | | 75 | | **385** |
| краен затегач | 5 | | 5 | | 4 | 20 | 15 | 9 | 10 | 3 | 4 | 1 | **76** |
| спојници | 4 | 6 | 8 | 4 | 13 | 22 | 5 | 1 | 10 | 2 | 5 | 2 | **82** |
| WS клеми | | 2 | | | | | | | | | | | |
| авт. Осигурач 10 | 1 | 3 | | | 1 | | | 1 | | | | | **6** |
| авт. Осигурач 40 | 1 | | | | | | | | | | | | **1** |
| ножест осигурач 35 | | 4 | 4 | 1 | | | | 1 | 1 | 3 | | | **14** |
| склопка | 1 | | | | | | | | | | | | **1** |
| форел | 1 | | | 1 | 2 | | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | | **14** |
| кабел 3x2.5 | | | | | | | 8 | | | | | | **8** |
| кабел 3x1.5 | 25 | | 1 | 15 | 4 | | 10 | 26 | 47 | 37 | 8 | | **173** |
| кабел ПП00 Al16 | | 20 | | | | | | | | | | | |
| изолатор | | | | | | | | 1 | | | | | |
| тајмер | | | | | 1 | | | | | | | | **1** |
| утикач | | | | | 1 | | | | | | | | **1** |
| дозна | | | | | | | | | | | | | **0** |
| ребрасто црево | | | | | | | 10 | 8 | 28 | 23 | | | **69** |
| пло собирачко цре | | | | | | | | | | | 46 | | |
| ормар | 1 | | | | | | | | | | | | **1** |
| дин. Шина | 1 | | | | | | | | | | | | **1** |
| метална конзола | 2 | | | | | | | | | | | | **2** |
| папучи Al Cu | 4 | | | | | | | | | | | | **4** |
| гориво | 5084 | 5932 | 6779 | 3389.83 | 7627 | 8050 | 5085 | 8898 | 6780 | 6780 | 6780 | 7627 | **78811.83** |

| МАТЕРИЈАЛИ | ЦЕНА стара | н.цена | ЈАН | ФЕБ | МАРТ | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕМ | ДЕК | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНТЕРВЕНЦИИ** | 1416 | 1416 | 56640 | 65136 | 41064 | 36816 | 93456 | 97704 | 46728 | 128856 | 77880 | 76464 | 69384 | 99120 | 889248 |
| **сијалица 18W** | 271.4 | 166.392 | 4071 | 3660.62 | 332.7836 | 998.3508 | 3161.444 | 2995.052 | 1497.526 | 3993.403 | 2163.093 | 1996.702 | 2495.877 | 3993.403 | 31359.26 |
| **сијалица 20W** | 271.4 | 166.392 | 542.8 | 166.3918 | 166.3918 | 0 | 665.5672 | 166.3918 | 0 | 499.1754 | 0 | 166.3918 | 0 | 0 | 2373.11 |
| **сијалица 30W** | 472 | 231.103 | 7080 | 2542.133 | 3697.648 | 3466.545 | 6008.678 | 4159.854 | 1617.721 | 8319.708 | 3928.751 | 5777.575 | 4622.06 | 5546.472 | 56767.15 |
| **сијалица 40W** | 398.132 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **лед 30W** | 2832 | 1109.27 | 5664 | 0 | 0 | 1109.271 | 0 | 0 | 0 | 6655.625 | 0 | 1109.271 | 2218.542 | 8874.166 | 25630.87 |
| **лед 50W** | | 1109.27 | 0 | 6655.625 | 3327.812 | 1109.271 | 9983.437 | 5546.354 | 4437.083 | 3327.812 | 12201.98 | 2218.542 | 5546.354 | 2218.542 | 56572.81 |
| **лед 100W** | 5074 | 1386.5 | 71036 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1386.5 | 0 | 0 | 0 | 1386.5 | 13865 | 87674 |
| **лед соларни100W** | | 1420 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 12780 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12780 |
| **рефлектор 50W** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **рефлектор 100W** | 2714 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **рефлектор 300W** | | 4159.5 | | | | | | 33276 | | | | | | | 33276 |
| **канделабра** | | | | | | | | | | | | | | | |
| фасонка | 94.4 | 66.0564 | 1793.6 | 198.1692 | 0 | 0 | 132.1128 | 198.1692 | 66.0564 | 132.1128 | 66.0564 | 198.1692 | 0 | 66.0564 | 2850.502 |
| заштитно стакло | 477.9 | 297.254 | 6690.6 | 1189.015 | 0 | 297.2538 | 0 | 297.2538 | 0 | 297.2538 | 297.2538 | 891.7614 | 0 | 297.2538 | 10257.65 |
| СКС кабел 2x16 | 70.8 | 58.7168 | 27258 | 2348.672 | 2935.84 | 0 | 1761.504 | 4403.76 | 2348.672 | 0 | 2935.84 | 0 | 4403.76 | 0 | 48396.05 |
| краен затегач | 106.2 | 73.396 | 8071.2 | 0 | 366.98 | 0 | 293.584 | 1467.92 | 1100.94 | 660.564 | 733.96 | 220.188 | 293.584 | 73.396 | 13282.32 |
| спојници | 413 | 146.792 | 33866 | 880.752 | 1174.336 | 587.168 | 1908.296 | 3229.424 | 733.96 | 146.792 | 1467.92 | 293.584 | 733.96 | 293.584 | 45315.78 |
| | | | | 0 | | | | | | | | | | | 0 |
| авт. Осигурач 10 | 247.8 | 154.132 | 1486.8 | 462.3948 | 0 | 0 | 154.1316 | 0 | 0 | 154.1316 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2257.458 |
| авт. Осигурач 40 | 247.8 | | 247.8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 247.8 |
| ножест осигурач 35 | 306.8 | 220.188 | 4295.2 | 880.752 | 880.752 | 220.188 | 0 | 0 | 0 | 220.188 | 220.188 | 660.564 | 0 | 0 | 7377.832 |
| склопка | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| форел | 500.0014 | 462.194 | 7000.02 | 0 | 0 | 462.1942 | 924.3884 | 0 | 462.1942 | 1386.583 | 1386.583 | 924.3884 | 462.1942 | 0 | 13008.54 |
| кабел 3x2.5 | 110.92 | 68.9946 | 887.36 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 551.9568 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1439.317 |
| кабел 3x1.5 | 77.88 | 48.439 | 13473.24 | 0 | 48.439 | 726.585 | 193.756 | 0 | 484.39 | 1259.414 | 2276.633 | 1792.243 | 387.512 | 0 | 20642.21 |
| | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| изолатор | | | | | | | | | | | | | | | |
| тајмер | 399.9964 | | 399.9964 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 399.9964 |
| утикач | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| дозна | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ребрасто црево | 53.1 | 33.0282 | 3663.9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 330.282 | 264.2256 | 924.7896 | 759.6486 | 0 | 0 | 5942.846 |
| пло собирачко цре | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| ормар | 2299.997 | | 2299.997 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2299.997 |
| дин. Шина | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| метална конзола | 2360 | | 4720 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4720 |
| папучи Al Cu | 236 | | 944 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 944 |
| гориво | 1 | | 5999.12 | 6999.76 | 7999.22 | 3999.999 | 8999.86 | 9499 | 6000.3 | 10499.64 | 8000.4 | 8000.4 | 8000.4 | 8999.86 | 92997.96 |
| | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **ВКУПНО** | | | 268130.6 | 91120.28 | 61994.2 | 49792.83 | 127642.8 | 162943.2 | 80525.58 | 166672.6 | 114483.4 | 101473.4 | 99934.74 | 143347.7 | 1468061 |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

За успешно спроведување и реализација на програмски предвидените задачи и активности, финансиски средства ќе се обезбедат од средствата што на Општина Свети Николе и припаѓаат согласно Законот за комунални такси, како и од средства добиени од светлечки реклами приклучени на мрежата за јавно осветлување.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавно осветлување од имателите на броило, според законот за комуналните такси, член 20, ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија, ЕВН Македонија – КЕЦ Штип, и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината, на чие подрачје е извршена наплатата.

**Бр.0801 - 173** **Претседател,**

**27.02. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец, Свети Николе за 2026 година бр. 0801 – 174 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/7**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на**
**ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2026 година**

1. Советот на Општина Свети Николе усвои Гоодишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2026 година, усвоена од Управен одбор на ЈКП „Комуналец„ бр.0202-72/7 од 20.02.2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 174**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр. 0801 – 175 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/8**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 22, член 36 и  член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02 и Сл. весник на РСМ бр. 202/24), член 11од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), Член 2 од Закон за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност (Сл. Весник на РМ бр. 79/2013), Член 15 од Закон за централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019, 275/2019 и 3/2025), член 7, 21, член 28 од Законот за општата управна постапка (Сл.весник на РМ бр. 124/2015 и 65/2018) а во врска со  член 8 точка 8 од Статутот на Општина Свети Николе (Службен гласник на Општина Свети Николе бр. 01/06, 03/21) Советот на Општина Свети Николе на ден 27.02. 2026 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

## I.  ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош,и висината на паричната помош која ја доделува Општина Свети Николе на физички лица.

**Член 2**

Право на користење на еднократна парична помош согласно одредбите од овој Правилник можат  да остварат само физички лица кои што се жители на Општина Свети Николе.

## II.ДЕФИНИЦИИ во смисла на Овој Правилник

**Член 3**

„**Потесно семејство/домаќинство**“ во сисла на овој Правилник се сметаат лицата кои живеат на иста адреса и се поврзани со правен однос за издржување (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување). За пресметка на приходи се сметаат сите членови на потесното домаќинство.

**„Минималната плата“**“ во сисла на овој Правилник **се смета според последната објавена од Министерството за труд и социјална политика согласно законот за минимална плата.**

**„Материјална состојба“**“ во сисла на овој Правилник се утврдува согласно Уверение за остварен годишен приход од УЈП,  и други релевантни документи (потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија).

## III. ВИДОВИ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Член 4**

Во Буџетот на Општина Свети Николе за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат на физички лица во вид на,Еднократна парична помош во следниве категории:

1. Еднократна парична помош за лица со попреченост – жени и мажи, како и на нивните семејства;
2. Еднократна парична помош за семејства во кои не работи ниту еден член
3. Еднократна парична помош за семејства во кои работи само еден член од семејството
4. Еднократна парична помош за семејства настрадани од елементарни непогоди
5. Еднократна парична помош за социјално загрозени лица
6. Еднократна парична помош за лекување
7. Еднократна парична помош за новороденче
8. Еднократна парична помош за прво новороденче
9. Еднократна парична помош за прваче

10. Еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна година во Средно училиште на Територијата на Општина Свети Николе

Принципите на рамноправно учество на мажите и жените се вклучени како едни од основните принципи во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош. Во тој поглед, термините кои се користат во овој правилник за лица од машки род или среден род (на пр: „жител", „градоначалник", „родител", „лице", итн.) се неутрални и се однесуваат и на мажи и на жени.

## IV. ВИДОВИ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

### 1.Еднократна парична помош за лица со попреченост – жени и мажи, како и на нивните семејства

**Член 5**

Општина Свети Николе доделува еднократна парична помош за лица со посебни потреби – жени и мажи,жители на Општина Свети Николе како и на нивните семејства.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува од 3.000 до 5.000 денари, во завинсост од материјалната состојба на потесното семејство на барателот, социјалната положба на потесното семејство на барателот, и бројот на членовите на смејството на барателот(семејството со кои барателот живее во потесно семејство/домаќинство).

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на физички лицажители на Општина Свети Николе со попреченост до 65 годишна возраст, кои имаат една или повеќе видови на попреченост, согласно член 3 на оваа одлука.

Лица со попреченост согласно Овој Правилник ги опфаќа следиве категории коишто имаат:

- пречки во телесниот развој (тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој);
- интелектуална попреченост (умерена, тешка и длабока);
- оштетен вид (слепо и практично слепи лица);
- оштетен слух (практично глуво и тотално глуво);
- потполно отсуство на говорот, тешко оштетен говор, лице со изгубен или оштетен порано стекнат говор;
- аутизам;
- и повеќе видови попреченост (комбинирани пречки во развојот).

Постапката за доделување на парична помош за лица со попреченост – жени и мажи, како и на нивните семејства се поведува со поднесување на писмено барањесо приложена документација воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на еднократна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба, како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за лица со попреченост – жени и мажи, како и на нивните семејства е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош)
- Копија од трансакциона сметка на подносителот;
- Наод и мислење за оцена на видот и степеност на попреченост и посебните потреби на лица со пречки во развој издадено од соодветна установа **или** потврда од Центарот за социјална работа дека лицето остварува право на надоместок поради попреченост врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијална здравствена установа;
- Решение или потврда за материјалананата и социјаланта положба од надлежна институција (Уверениеза состојба на остварен доход - од Управата за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година или периодот за која има податок (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за баретелот и членовите на неговото семејство; Потврда дека се невработени или

примаат/не примаат паричен надоместок како и за невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување; потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);

- Или потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни воедношалтерската канцеларијапри Општина Свети Николекако како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата.

Документите од став 7 алинеја5 на овој член и други документи, Општина Свети Николе може да ги прибавува по службена должност однадлежнитеинституциивклучително и од Централниот регистар на население, подаденатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичниподатоцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили истите да бидат приложени од страна на подносителот во копија или на увид, по барање на Комисијата.

2. **Еднократна парична помош за семејстваво кои не работи ниту еден член**

**Член 6**

Општина Свети Николе доделува еднократна парична помош за семејстважители на Општина Свети Николево кои не работи ниту еден членкое се нашло во положба на социјална односно материјална загрозеност.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува од 4.000 до 6.000 денариво завинсост од материјалната состојба на потесното семејство на барателот (семејството со кои барателот живее во заедничко домаќинство), социјалната положба на потесното семејство на барателот, и бројот на членовите на смејството на барателот.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на еден членна семејството жители на Општина Свети Николево кои не работи ниту еден член.

Постапката за доделување на парична помош за семејстваво кои не работи ниту еден членсе поведува со поднесување на писмено барањесо приложена документација на еден од членовите на семејството воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на еднократна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документацијасе точни, идентични и одговараат на реалната состојба, Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање за стекнување на еднократна парична помош (се однесува само за полнолетните членови на потесното семејство/домаќинство),како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош**за семејстваво кои не работи ниту еден член**е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Решение или потврда за материјаланата и социјаланта положба од надлежна институција (Уверениеза состојба на остварен доход - од Управата за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година или периодот за која има податок (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за барителот и членовите на неговото семејство; Потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок како и за невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување; потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- Или потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни воедношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата.

Документите од став 6 алинеја4 на овој член како и друга документација, Општина Свети Николе може да ги прибавува по службена должност однадлежнитеинституцииевклучително и од Централниот регистар на население, подаденатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичниподат оцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили истите да бидат приложени од страна на подносителот во копија или на увид, по барање на Комисијата.

3. **Еднократна парична помош за семејства во кои работи само еден член од семејството**

**Член 7**

Општина Свети Николе доделува еднократна парична помош за семејстважители на Општина Свети Николе во кои работи само еден член од семејството а кое се нашло во положба на социјална односно материјална загрозеност.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува од 3.000 до 5.000 денари.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на еден член на семејството во кои работи само еден член од семејството.

Право на еднократна парична помош имаат лица кај кои вкупните месечни приходи на потесното семејство/домаќинство не го надминуваат износот од две минимални нето плати утврдени согласно Закон за минимална плата во Република Северна Македонија.“

Постапката за доделување на парична помош за семејства жители на Општина Свети Николево кои работи само еден член од семејството се поведува со поднесување на писмено барање на еден член од семејството со приложена документација на еден од членовите на семејството воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе, за едно семејство може да се достави само едно барање по овој основ.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документацијасе точни, идентични и одговараат на реалната состојба, Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање за стекнување на еднократна парична помош ( се однесува само за полнолетните членови на потесното семејство/домаќинство)како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош**за семејствaво во кои работи само еден член од семејството**е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Решение или потврда за материјаланата и социјаланта положба од надлежна институција (Уверениеза состојба на остварен доход - од Управата за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година или периодот за која има податок (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за баретелот и членовите на неговото семејство; Потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок како и за невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување; потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- Или потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во едношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата.

Документите од став 6 алинеја 4 на овој член, Општина Свети Николе ги прибавува по службена должност однадлежнитеинституцииивклучително и од Централниот регистар на население, подаденатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичниподатоцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили истите да бидат приложени од страна на подносителот во копија или на увид, по барање на Комисијата.

## 4. Еднократна парична помош за семејства настрадани од елементарни непогоди

### Член 8

Еднократна парична помош ќе се доделува напоединец жител на Општина Свети Николе или семејство кое се нашло во положба наелементарна непогода (земјотрес, поплава, пожар и др.).

Паричната помош од став 1 се доделува само за оштетени објекти.

Висината на паричната помош се доделува во зависност од причинетата штета и вкупните примања на семејството и е поделена во две категории:

- **Прва категорија** – од 3.000 до 9.000 денари, врз основа на утврдената проценка на штета од страна на Општинска комисија;
- **Втора категорија** – од 10.000 до 30.000 денари врз основа на утврдената проценка штета од страна на Општинска комисија;
- Во **исклучителни ситуации** висината на паричната помош може да биде и повисока од утврдената во став 3 на овој член, а најмногу до 30.000денари и тоа кога на барателот кој се соочил со природни непогоди му е предизвикана штета од големи размери и тоа само за објекти наменети за домување.

Во случаи на масовни оштетувања од кои се погодени поголем број на жители на Општина Свети ќе се врши согласно степенот на штета ивисината на паричната помош ќе се утврди согласно можностите на Буџетот на Општина Свети Николе.

Постапката за доделување на парична помош за лица настрадани од природна непогода се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документацијасе точни, идентични и одговараат на реалната состојба, како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Градоначалникот по добивање на барањето, со Решение формира комисија за проценка на штета – од редот на вработените или надворешни експерти од соодветната област, којашто врши увид на лице место со цел да ја утврди состојбата на објектот, а за извршениот должна да достави писмен извештај со утврдена проценка на штетата.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за семејства настрадани од природна непогода за барателот и членовите на неговото семејството е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Записник или наод и мислење за утврдената состојба од претрпена природна непогода издаден од надлежен орган – ТППЕ, МВР или др.;
- Решение или потврда за материјаланата и социјаланта положба од надлежна институција (Уверениеза состојба на остварен доход - од Управата за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година или периодот за која има податок (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за баретелот и

членовите на неговото семејство; Потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок како и за невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување; потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- Извештај со утврдена проценка на штетата од Општинска комисија;
- Имотен лист за парцелата на која е поставен објектот на кој како сопственик е запишан поднесителот на барањето, или негов член на семејството или предмет за легализација, а за бесправно изграден објект потврда дека истиот е во процес на легализација;
- Или потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во едношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

За висината на паричната помош од став 3 од овој член од Прва категорија одлучува Градоначалникот, за останатите категории одлучува Советот на Општина Свети Николе, по Предлог на Комисијата.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата.

Документите од став 7 алинеи 5,6, 7 и на овој член и друга документација, Општина Свети Николе ги прибавува по службена должност однадлежнитеинституцииивклучително и од Централниот регистар на население, подаденатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичниподат оцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили подносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од настанувањето на природната непогода.

**5.Еднократна парична помош за социјално загрозени лица**

**Член 9**

Општина Свети Николе доделува еднократна парична помош за социјално загрозени лице/ажители на Општина Свети Николекое се нашло/е во положба на социјална односно материјална загрозеност.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува од 3.000 денари.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на физички лица без средства за егзистенција и физички лица корисници на минимална социјална помош и стари лица над 65 години корисници на семејна пензија; земјоделска пензија и инвалидска пензија.

Постапката за доделување на парична помош на социјално загрозени лица се поведува со поднесување на писмено барањесо приложена документација воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документацијасе точни, идентични и одговараат на реалната состојба, како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за социјално загрозени лица за барателот и членовите на неговото семејството е:
- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош)
- Копија од трансакциона сметка на подносителот;
- Решение или потврда за материјаланата и социјаланта положба од надлежна институција (Уверениеза состојба на остварен доход - од Управата за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година или периодот за која има податок (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за барателот и членовите на неговото семејство; Потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок како и за невработените членови на

потесното семејство од Агенцијата за вработување; потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- Или потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во едношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата

Документите од став 6 алинеја4, на овој член како и друга документација, Општина Свети Николе може да ги прибавува по службена должност однадлежнитеинституцииивклучително и од Централниот регистар на население, поданенатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичниподат оцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили истите да бидат приложени од страна на подносителот во копија или на увид, по барање на Комисијата..

**6.Еднократна парична помош за лекување**

**Член 10**

Еднократна парична помош се доделува на физички лицажители на Општина Свети Николеза лекување во државата и во странство, а кои несе во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член се доделува според следните категории:

1. Лекување со соодветни испитувања;
- ехографски снимања,
- преглед со скенер и
- магнетна резонанца 4.000 денари.

2. Лекување со лекарства коишто не се наоѓаат на Позитивната лиса на лекови а се однесуваат на лекување на болни од карцином, ретки болести, болни од заразни болести со коишто се загрозува човековото здравје и живот (заразни болести, инфекции, епидемии, пандемии и сл.)4.000 денари.

3. Лекување со оперативен зафат во државата 6.000 денари;

4. Лекување надвор од државата 6.000 денари;

5. Лекување со оперативен зафат надвор од државата до 9.000 денари;

6. За набавка на потребни медицински помагала, опрема, протези, ортопедски помагала и др. до 6.000 денари – на лица со траен инвалидитет.

Во исклучителни ситуации висината на паричната помош може да биде и повисока од утврдената во став 2 на овој член, а најмногу до 30.000денари и тоа кога барателот е во животно-загрозувачка состојба и му се потребни повеќе финансиски средства за да изврши оперативен зафат.

Право на еднократна парична помош имаат лица кај кои вкупните месечни приходи на потесното семејство/домаќинство не го надминуваат износот од две минимални нето плати утврдени согласно Закон за минимална плата во Република Северна Македонија."

Постапката за доделување на парична помош за лица коишто имаат потреба од лекување се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документацијасе точни, идентични и одговараат на реалната состојба, како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за лекување за барателот и членовите на неговото семејство е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Медицинска документација и финансиска документација не постара од 6 месеци од денот на доставување на барањето(медицинска: специјалистички упати,наоди од специјалист,извештај за историјат на болеста,отпусни листи, медицински потврди од

соодветни здравствени установи за болничко лекување, потврда/извештај за закажана хируршка интервенција и слично; финансиска документација – фискални сметки, потврда, фактура, про фактура или др.), - во копија или на увид;

- Решение или потврда за материјаланата и социјаланта положба од надлежна институција (Уверениеза состојба на остварен доход - од Управата за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година или периодот за која има податок (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за баретелот и членовите на неговото семејство; Потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок како и за невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување; потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош;
- Или потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството) како и потврда за пензија.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во едношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

За висината на паричната помош од став 2 од овој член одлучува Градоначалникот, за паричната помош од став 3 одлучува Советот на Општина Свети Николе.

Општинската администрација по добивање на барањето, со пропратната документација го доставува до Советот на јавно здравје при Општина Свети Николе, којштo е долженпо прегледувањето на документацијата да даде писмен Предлог доГрадоначалникот доколку се однесува за парична помош од став 2 од овој член или до Советот на Општина Свети Николе доколку се однесува за парична помош од став 3 од Овој член. Градоначалникот и Советот на Општина Свети Николе при донесување на Одлука потребно е да го земат во предвид мислењето од Советот на јавно здравје при Општина Свети Николе.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата.

Документите од став 7 алинеи 4 и 5 на овој член како и друга документација, Општина Свети Николеги прибавува по службена должност однадлежнитеинституцииивклучително и од Централниот регистар на население, подаденатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичниподатоцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили истите да бидат приложени од страна на подносителот во копија или на увид, по барање на Комисијата.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од извршениот оперативен зафат или завршувањето на лекувањето.Рокот докажува со: – медицински извештај, – отпусна листа од здравствена установа, – фискални или болнички сметки, – или друг официјален документ од здравствена установа од кој недвосмислено се утврдува датумот на оперативниот зафат или завршувањето на лекувањето.

**7. Еднократна парична помош за новороденче**

**Член 11**

Право на еднократна помош за новороденче имаатродител/и или старател/и надеца жители на Општина Свети Николе (барателот (родител или старател) исто така мора да биде жител на Општина Свети Николе).

Висината на парична помош изнесува 6.000 денари за новородено дете и 15.000 денари за треторудено дете и секое наредно новородено дете.

За родителите кои ќе имаат близнаци, тројка, четворка и.т.н. ќе добијат за секое дете по 15.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош за новороденчесе поведува соподнесување на писмено барање на 1 од родителите односно старателите со приложена документација воКанцеларијата за едношалтерско работење на Општина Свети Николе.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба, Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање

за стекнување на еднократна парична помош (се однесува за другиот родител/ старател)како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за новороденче:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на двата родители или старателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Копија од Извод на венчаните за родителите;
- Копија од Извод од матичната книга на родените за детето или децата доколку станува збор за близнаци;
- Копија од Извод од матична книга на родените за останатите деца во семејството – доколку се однесува барањето за треточродено дете и секое наредно новородено дете;
- Копија од решение за старател во случај на старателство;
- Изјава дека нема искористено средства од Буџетот на друга Општина за остварување на правото за Еднократна парична помош за новороденче со Напомена Општината има право да побара податоци (во текот на целата година и по исплатата од страна на Општина Свети Николе) од соодветната Општина (од кадешто е жител другиот родител) дали има користено средства или парична помош. По што доколку се утврдат нерегуларности барателот ќе биде должен да ги врати целосно добиените средства.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во едношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе.

Потребната документација заовојчленподносителотнабарањето ги приложува во копија или на увид по барање на комисијата, каде постои можност Општина Свети Николе може да ги прибавува по службена должност однадлежнитеинституцииvклучително и од Централниот регистар на население, подаденатаписменасогласностнаподносителотнабарањетозакористењенанеговителичнипо датоцивопостапкатазаостварувањенаправотонапаричнапомошили истите да бидат приложени од страна на подносителот во копија или на увид, по барање на Комисијата.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од шест месеци од раѓањето на детето.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Свети Николе донесува решение за доделување на еднократна парична помош за новороденче.

**8. Еднократна парична помош за прво новороденче**

**Член 12**

Право на еднократна помош за прво новороденче има мајката која ќе го роди првото новороденче во тековната годината.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член изнесува 20.000денари.

Остварувањето на правото на парична помош за прво новроденче го исклучува правото за користење на парична помош за новороденче по член 14од овој правилник.

Постапката за доделување на парична помош за прво новороденче се поведува согласно потпишан меморандум за соработка помеѓу Општина Свети Николе и ЈЗУ Здравствен дом “Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски”со кој ЈЗУ Здравствен дом “Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски” ќе има обврска да ја известува Општина Свети Николе кога ќе се роди првото новороденче во Општината во тековната година.

Градоначалникот на Општина Свети Николе врз основа на добиеното известување донесува решение за доделување на еднократна парична помош за прво новороденче во Општина Свети Николе.

Исклучок од став 1 на овој членправо на еднократна парична помош за прво новороденче може да добие таткото или старател само во случај на смрт на мајката.

**9. Еднократна парична помош за прваче**

**Член 13**

Право на еднократна помош за првачеимасекое семејство кое го запишале своето дете - прваче жител на општина Свети Николе во основно училиште на територија на Општина Свети Николе.

Висината на парична помош за секое прваче изнесува 3.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош за првачесе поведува соподнесување на писмено барање со приложена документација од страна на еден родител/старател на дете прваче,жител на Општина Свети Николе во основното училиште при упис на ученикот.

Основното училиште преку нивниот претставник Директороте должно во рок од три месеци од денот на уписот, но не подолго од 15 септември за тековната учебна година,да достави допис со листа на подносители на барања и комплетната приложена документација, во оригинал, до архивата на Општина Свети Николе, со назнака: **„За Комисија за разгледување на барања за еднократна парична помош за прваче и средношколец".**

Листата од став (4) на овој член задолжително ги содржи следните податоци за прваче:

- Име и Презиме на родителот/старателот подносител на барањето,
- ЕМБГ на подносителот,
- износ на паричен надомест,
- трансакциска сметка од подносителот,
- банка на примач,
- училиште во кое е запишано првачето,
- Име и презиме на ученикот,
- датум на прием на барање.

Со поднесувањето на барањето подносителот (родител/старател) потпишува:

- изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на еднократна парична помош, како и
- изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба,
- Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање за стекнување на еднократна парична помош - се однесува за другиот родител/старател (За учениците чии родители не се во брак, информираме дека изјава пополнува само оној родител кој со судска одлука му е доделено правото на старателство, без да се достави писмена согласност од другиот родител. Ова важи и за децата од вонбрачни заедници, изјава и податоци доставува само едниот родител.) како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Кај деца чии родители не се во брак, деца од вонбрачна заедница или деца од разведени родители, барањем изјава и документација доставува исклучиво родителот или старателот кому со правосилна судска одлука му е доверено старателството, без потреба од писмена согласност од другиот родител.

Воедно доколку се појават ученици кои се од вонбрачна заедница, со Изводот од матичната книга на родените на детето или пак доколку е признаено родителството, но не живеат во заедница и во изводот стојат податоци и од родителот кој не живее со ученикот, покрај Изводот од матичната книга на родените се доставува и соодветен доказ од Центарот за социјални работи. Во овој случај подносител на пријавата е родителот/старателот, кој единствено само тој доставува потребна документација по овој повик.

Раководното лице на основното училиште одговара за веродостојноста на податоците внесени во листата на баратели на парична помош и целокупната пропратна документација.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за прваче е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Копија од извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште – оригинал;
- Копија од решение за старател во случај на старателство;
- Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање за стекнување на еднократна парична помош - се однесува за другиот родител/старател(За учениците чии родители не се во брак, информираме дека изјава пополнува само оној родител кој со судска одлука му е доделено правото на

старателство, без да се достави писмена согласност од другиот родител. Ова важи и за децата од вонбрачни заедници, изјава и податоци доставува само едниот родител.)

- Правосилна судска одлука за старателство или развод, доколку е применливо
- Евидентен лист за видот на документите кои се доставуваат.

Образецот (Барање)  и потребните изјави треба да бидат достапни воедношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе, како и во основните училишта при упис на ученикот.

Работата на Комисијата за разгледување на барањата за еднократна парична помош за прваче и средношколец ја формира Градоначалникот на Општина Свети Николе е опфатена во член 26 од Овој Правилник.

**Член 13 а**

**По исклучок од ставовите со рокови**, право на поднесување барање за еднократна парична помош имаат и родители/старатели на ученици кои ќе бидат запишани по истекот на утврдените рокови, **најдоцна до 30 ноември во тековната учебна година**, **доколку задоцнувањето назапишувањето е извршено поради оправдани причини**, како што се:

- преселба од друга општина или држава,
- дополнителен или повторен упис,
- здравствени причини,
- други оправдани околности независни од волјата на родителот/старателот.

Оправданоста на причините и исполнетоста на условите ја утврдува Комисијата, врз основа на доставена документација.

Во овие случаи, барањето се поднесува во рок од 30 дена од денот на запишувањето но не подолго од 30 Ноември.

## 11. Еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна година во Средно училиште на Територијата на Општина Свети Николе

**Член 14**

Право на еднократна помош за средношколец – редовен ученикжител на Општина Свети Николе имасекое семејство кое го запишале своето дете како редовен ученик - во прва година на средно училиште на територија на Општина Свети Николе.

Висината на парична помош за секој ученик изнесува6.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош за ученик се поведува соподнесување на писмено барањесо приложена документација од страна на еден родител/старател на дете - жител на Општина Свети Николе во средното училиште при упис на ученикот.

Средното училиште преку нивниот претставник Директороте должно во рок од три месеци од денот на уписот, но не подолго од 30 септември за тековната учебна година,да достави допис со листа на подносители на барања и комплетната приложена документација, во оригинал, до архивата на Општина Свети Николе, со назнака: **„За Комисија за разгледување на барања за еднократна парична помош за прваче и средношколец“.**

Листата од став (4) на овој член задолжително ги содржи следните податоци за прваче:

- Име и Презиме на родителот/старателот подносител на барањето,
- ЕМБГ на подносителот,
- износ на паричен надомест,
- трансакциска сметка од подносителот,
- банка на примач,
- училиште во кое е запишан ученикот – насока/смер,
- Име и презиме на ученикот,
- датум на прием на барање.

Со поднесувањето на барањето подносителот (родител/старател) потпишува:

- изјава за користење на неговите личниподатоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на еднократна парична помош, како и

- изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба,
- Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање за стекнување на еднократна парична помош (За учениците чии родители не се во брак, информираме дека изјава пополнува само оној родител кој со судска одлука му е доделено правото на старателство, без да се достави писмена согласност од другиот родител. Ова важи и за децата од вонбрачни заедници, изјава и податоци доставува само едниот родител.) како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Кај деца чии родители не се во брак, деца од вонбрачна заедница или деца од разведени родители, барањем изјава и документација доставува исклучиво родителот или старателот кому со правосилна судска одлука му е доверено старателството, без потреба од писмена согласност од другиот родител.

Воедно доколку се појават ученици кои се од вонбрачна заедница, со Изводот од матичната книга на родените на детето или пак доколку е признаено родителството, но не живеат во заедница и во изводот стојат податоци и од родителот кој не живее со ученикот, покрај Изводот од матичната книга на родените се доставува и соодветен доказ од Центарот за социјални работи. Во овој случај подносител на пријавата е родителот/старателот, кој единствено само тој доставува потребна документација по овој повик.

Раководното лице на основното училиште одговара за веродостојноста на податоцитевнесени во листата на баратели на парична помош и целокупната пропратна документација.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за средношколец е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Копија од извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан редовен ученик во прва година на средно училиште на територија на Општина Свети Николегодина заверена од средното училиште училиште – оригинал;
- Копија од решение за старател во случај на старателство;
- Изјава за користење на личниподатоци и податоците на потесното семејство;
- Изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба;
- Изјава со која се дава согласност барателот да биде подносител на Барање за стекнување на еднократна парична помош(За учениците чии родители не се во брак, информираме дека изјава пополнува само оној родител кој со судска одлука му е доделено правото на старателство, без да се достави писмена согласност од другиот родител. Ова важи и за децата од вонбрачни заедници, изјава и податоци доставува само едниот родител.)
- Доколку е дете од разведени родители доказ-Решение од правосилна судска пресуда (подносител на пријавата е родителот/старателот, кој единствено само тој доставува потребна документација по овој повик).
- Евидентен лист за видот на документите кои се доставуваат.

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во едношалтерската канцеларијаПри Општина Свети Николе како како и на веб страницата на Општина Свети Николе, како и во архивата на средното училиште при упис на ученикот.

Работата на Комисијата за разгледување на барањата за еднократна парична помош за првачe и средношколец ја формира Градоначалникот на Општина Свети Николе е опфатена во член 26 од Овој Правилник.

**Член 14 а**

**По исклучок од ставовите со рокови**, право на поднесување барање за еднократна парична помош имаат и родители/старатели на ученици кои ќе бидат запишани по истекот на утврдените рокови, **најдоцна до 30 ноември во тековната учебна година**,

**доколку задоцнувањето на запишувањето е извршено поради оправдани причини**, како што се:

- преселба од друга општина или држава,
- дополнителен или повторен упис,
- здравствени причини,
- други оправдани околности независни од волјата на родителот/старателот.

Оправданоста на причините и исполнетоста на условите ја утврдува Комисијата, врз основа на доставена документација.

**Член 15**

Правото на користење на парична помош на едено од следниве членови во Овој Правилник: член 5, член 6, член 7 и член 9и член10на овој правилник, барателот или член на неговото потесно семејство/домаќинство може да го оствари само еднаш во текот на една календарска година.

Исклучок на став 1 од овој член барателотбарателот или член на неговото потесно семејство/домаќинствоможе да оствари парична помош и два пати или повеќе пати во текот на една календарска година, доколку лицето кое по остварувањето на парична помош за социјална загрозеност во тековната година, се соочи со природна непогода или му се потребни средства за оперативен зафат, а кои можат да бидат основи за поднесување на барање за доделување парична помош.

**<u>V.КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ</u>**

**Член 16**

По поднесени барања за доделување на парична помош од член 5, член 6, член 7 и член 8став 3 од Прва категорија, член 9, член 10 став 2, член 11, член 12, член 13, член 14на овој Правилник одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлогна Комисијата за доделување на парична помош.

По поднесени барања за доделување на парична помош од член 8став 3 – втора категорија и Исклучителни ситуации, член 10 став 3на овој Правилник одлучува Советот на Општината.

За помош од член 12 не ја разгледуваКомисијата туку Одлучува Градоначалникот без Предлог на комисијата.

За помош од член 13 и 14од страна на Градоначалникот се формира посебна Комисијата за разгледување на барањата за еднократна парична помош за прваче и средношколец

**Член 17**

Комисијата за доделување на парична помош(во натамошниот текст Комисија) ја формира Градоначалникот на Општина Свети Николе со Решение од редот на вработените во општинската администрацијаи истата е составена од 5 членови секој член има заменик член, и по Предлозите одлучува со просто мнозинство од присутните.

**Член 18**

Комисијата ги разгледува поднесените барања и констатира дали барателите ги исполнуваат условите за доделување на парична помош согласно одредбите од овој Правилник, доколку добие Барање коешто се уредува со Друг Правилник истото преку Арива го доставува до Комисијата одговорна за таков вид.

**Член19**

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи Претседателот или Заменик Претседателотна Комисијата.

За текот на седницата на Комисијата се води Записник.

**Член20**

Претседателот на Комисијата е должнапо добиење барање во зависност од итноста на истото да свика седница на Комисијата за разгледување на поднесените барања.

**Член21**

Комисијата најпрвин утврдува дали поднесените барања се комплетни и дали се поднесени во рок кој е пропишан со овој правилник .

За некомплетните и ненавремено поднесени барања, за барањето од член 5, член 6, член 7 и член 8став 3 од Прва категорија, член 9, член 10 став 2, и член 11 Комисијата дава

предлог до градоначалникот да донесе решение со кое ќе го отфрли барањето за доделување на еднократна парична помош.

**Член 22**

Комисијата за разгледување на барањата за доделување на еднократна парична помош има право, **по службена должност**, во текот на постапката може да врши и проверка на доставените податоци од страна на барателот, доколку има основани сомненија за злоупотреба.

За целите на проверката од став (1) на овој член, Комисијата може да користи податоци од:

- Централниот регистар на население,
- Центарот за социјална работа,
- Управата за јавни приходи,
- други надлежни институции и органи,

во согласност со важечките закони и прописите за заштита на личните податоци.

Податоците прибавени по службена должност се користат исклучиво за утврдување на исполнетоста на условите за стекнување на правото на еднократна парична помош.

Со поднесување на барањето, барателот дава изречна согласност Комисијата да ги прибавува и обработува потребните податоци од став (2) на овој член.

Доколку се утврди несогласување помеѓу податоците доставени од барателот и податоците прибавени по службена должност, **како релевантни се сметаат податоците прибавени од надлежните институции**.

**Член 23**

Доколку барањето е комплетно и е поднесено согласно пропишаниот рок Комисијата ја проверува основаноста на барањето и дава предлог доГрадоначалникот за барањата од член 5, член 6, член 7 и член 8став 3 од Прва категорија, член 9, член 10 став 2 и член 11.

**Член24**

Предлогот за доделување на парична помош го потпишуваатчленовите на Комисијата и е со важност со просто мнозинство од присутните членови, а Претседателот на комисијата го доставуваа до Архива со назнака до Градоначалникотза барањатаво останатите ситуации се донесува одлука на Советот на Општина Свети Николе за барањата кои се однесуваат до Нив.

**Член25**

По доставувањето на предлогот Градоначалникот на Општина Свети Николе или одлука на Советот на Општина Свети Николе се донесува Решение за одобрување или одбивање на барањето за доделување на парична помош.

**Член26**

**Комисија за разгледување на барањата за еднократна парична помош за прваче и средношколец**

Комисијата за разгледување на барањата за еднократна парична помош за прваче и средношколец ја формира Градоначалникот на Општина Свети Николе и истата е составена од три члена, од кои еден се именува за претседател.

Мандатот на Комисијата се утврдува со Решение на Градоначалникот.

Комисијата врши контрола на веродостојноста на податоците доставени од училиштата (основни и средни), изготвува записник со листа на баратели кои ги исполнуваат условите и има право да побара дополнителна документација од училиштето или од подносителот на барањето.

Комисијата работи на седница/и што ги свикува и со кои раководи Претседателот на Комисијата.

За текот на работата на Комисијата се води записник, кој заедно со листите и целокупната документација се доставува до Одделението за буџет, буџетска координација, сметководство и наплата на даноци, кое врз основа на записникот и мислењето на Комисијата изготвува решенија за исплата и ја врши исплатата во тековната година.

Комисијата за разгледување на барањата за доделување на еднократна парична помош има право, **по службена должност**, во текот на постапката може да врши проверка на доставените податоци од страна на барателот како и комисијата за овој превилник согласно член 22.

## **VI. КОНТРОЛА И САНКЦИИ**

**Член 27**

Доколку се утврди дека барателот доставил неточни, нецелосни или лажни податоци, или приложил лажна документација или злоупотребил право утврдено со овој Правилник:

1. Решението за доделување на помошта се поништува;
2. Барателот е должен да ги врати целосно добиените средства;
3. **Барателот го губи правото на користење на било каква еднократна парична помош од Општина Свети Николе во период од 2 (две) години**, сметано од денот на правосилноста на решениетоосвен во случаи на категориите од член 8, 10, 11, 12, 13 и 14) за што Комисијата води засебен регистар.
4. Доколку постојат елементи на прекршочна или кривична одговорност, се поднесува пријава до надлежен орган.

## **VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 28**

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласникна Општина Свети Николе.

Општина Свети Николе може за определени категории да има посебни правилници како самохрани родители, деца без родители, жртви на семејно насилство, талентирани ученици, и други каде постапакта за доделување на еднократна помош ќе се уредува со посебен Правилник за секојаод тие категории.

Комисијата од Овој Правилник изготвува Регистар на барања, коишто обновен се доставува до Комисијата пред почеток на Состанокот а истиот го доставуват годишно и до Советот на Општина Свети Николе, Во коишто се содржани податоците за секоја категорија посебно, секоја вредност посебно и зборно. Како и поделена по пол.

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура бр. 0801- 327од 22.03.2023 година.

Составен дел на Правилникот се обрасците за доделување на еднократна парична помош: Образец Е.П.1, Образец Е.П.Н 1, ОБРАЗЕЦ Е.П.П.У, Изјава парична помош за новороденче за дете,: Изјава дека податоците прикажани во приложената документацијасе идентични, точни и одговараат на реалната состојба, Согласност за остварување на право за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност; Обеазец Евидентен лист;Предлог за доделување на еднократна парична помош. Предлог од Советот на јавно здравје при Општина Свети Николе по пристигнато барање за еднократна парична помош категорија - Еднократна парична помош за лекување. Изјава за давање согласност подносителот да биде барател и примател на одобрените финансиски средства Согласно овој правилник.

**Бр.0801 - 175**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина**
**Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Правилник за доделување на парични награди за постигнати успеси и резултати учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во Општина Свети Николе, како и за наградување на ученици таленти – жители на Општина Свети Николе бр. 0801 – 176 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/9**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 50 став 1 точки 4 и 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02 и Сл. весник на РСМ бр. 202/24), член 44 и 45 од Законот за основно образование („Сл. весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 и 250/25), член 24 б став 2 од Законото за средно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 140 од Деловникот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе 1/06,,), Советот на Општина Свети Николе на ден 27.02. 2026 го донесе следниот

**Правилник**
**за доделување на парични награди за постигнати успеси и резултати учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во Општина Свети Николе, како и за наградување на ученици таленти – жители на Општина Свети Николе**

**ЧЛЕН 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, постапката, условите и критериумите за доделување на парични награди за постигнати успеси на учениците – жители на Општина Свети Николе, учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во Општина Свети Николе, како и за наградување на ученици таленти – жители на Општина Свети Николе.

Принципот за рамноправно учество на мажите и жените е вклучен како еден од основните принципи на оваа програма. Во тој поглед, термините кои се користат во оваа програма се однесуваат и на мажи и на жени односно момчиња и девојчиња, ученик и ученичка.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**ЧЛЕН 2**

Општина Свети Николе за тековната 2025/2026 и наредните учебни годинидополнително ќе го вреднува остварениот успех на учениците на натпреварите во знаење кои се организираат по наставните предмети, како и ученици кои освоиле резултати од областа на спорт и спортски активности, уметност и уметнички активности и други натпревари под менторство на училиштето- вонанаставни активности, спортски клуб со седиште во Општина Свети Николе или друг клуб, или друг тип на образовно/културно спортска организација.

За таа цел, Општината ќе додели еднократни парични награди за учениците и нивните ментори.

Наградите ќе се однесуваат за следните категории и подкатегории:

**Категорија 1** Ученици жители на Општина Свети Николе како и ученици и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе

**Под Категорија 1.1**Висината на паричните средства за освоените места на државен републички натпревар за ученици кои учат во училиштата во Општина Свети Николе се дадени во следната табела:

| Освоено место | За поединечно учество | За поединец од екипа за групно учество |
|---|---|---|
| 1 место | 7 000 Денари | 2 000 Денари |
| 2место | 6 000 Денари | 1 500 Денари |
| 3 место | 5 000 Денари | 1 000 Денари |

**Под Категорија 1.2** Доколку се работи за освоена Награда на државен републички натпревар во којашто има бодирање за ученици кои учат во училиштата во Општина Свети Николе и за освоена награда висината на паричните средства се дадени во следнава табела:

| Освоенанаграда | За поединечно учество | За поединец од екипа за групно учество |
|---|---|---|
| 1 награда | 5 000 Денари | 1 000 Денари |
| 2 награда | 4 000 Денари | 800 Денари |
| 3 награда | 3 000 Денари | 600 Денари |

За освоено место на меѓународно и олимписко ниво, учесниците се наградуваат со 100% повеќе од висината на табелата за категорија 1.1. (за освоено место).
Заучениците кои имаат освоено повеќе од 3 освоени места од 1 до 3 то на државно/републичко, олимписко и меѓународно ниво (не се однесува за подкатегорија 1.2)имследувадополнителенеднократеннадоместоквовисинаод **20.000денари.**
Учениците коишто имаат награда и место за ист натпревар во подкатегорија 1.1 и подкатегорија 1.2, се вреднува само подкатегорија 1.1.
**Под Категорија 1.3** За ученици жители на Општина Свети Николе а ученици во училиште надвор од Општина Свети Николе наградите се вреднуваат согласно табелите за подкатегориите 1.1 и 1.2 но наградите се исплатуваат во висина од 50% од износите утврдени во подкатегориите 1.1 и 1.2.

За освоена награда поединец од екипа за групно учество за секој поединец се пополнува посебно барањесо комплет документација за подктегорија 1.1; 1.2 и 1.3.
**Под Категорија 1.4Ментори**од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе.
При определување на висината **се зема само најдобро постигнатиот резултат**од вкупно сите ученици под менторство на наставникот од сите негови достигнување за таа учебна година за освоените места на државен републички натпревар и нивната висина е дадена во следнава табела:

| Освоено место | За поединечно учество | За поединец од екипа за групно учество |
|---|---|---|
| 1 место | 4 000 Денари | 2 000 Денари |
| 2место | 3 000 Денари | 1 500 Денари |
| 3 место | 2 000 Денари | 1 000 Денари |

Доколку станува збор за ученци кошто освоиле награда согласно под категорија 1.2. вредноста на менторот е дадена во следната табела

| Освоено место | За поединечно учество | За поединец од екипа за групно учество |
|---|---|---|
| 1 награда | 3 000 Денари | 1 500 Денари |
| 2 награда | 2 000 Денари | 1 000 Денари |
| 3 награда | 1 000 Денари | 500 Денари |

За освоено место на меѓународно и олимписко ниво, менторите се наградуваат со 100% повеќе од висината на освоеното место од државно републичко ниво.

За освоени5 места и повеќеод 1 до 3 место (не се однесува за подкатегорија 1.2)на државен републички натпревар, менторите се наградуваат со 50% повеќе од износите утврдени со соодветната категорија.
Менторите коишто имаат награда и место за ист натпревар во подкатегорија 1.1 и подкатегорија 1.2, се вреднува само подкатегорија 1.1.
**Категорија 2ученици таленти** жители на општина Свети Николе кои освоиле резултати од областа на спорт и спортски активности, уметност и уметнички активности и други и национални и меѓународни натпревари коишто ќе се водат како посебен дел ученици таленти а под менторство на училиштето- вонанаставни активности, спортски клуб со седиште во Општина Свети Николе или друг клуб, или друг тип на образовно/културно спортска организација при определување на висината **се зема само најдобро постигнатиот резултат** на ученикот од сите негови достигнување за таа учебна година и нивната висина е дадена во следнава табела:

| Освоено место | За поединечно учество | За поединец од екипа за групно учество |
|---|---|---|
| 1 место | 8 000 Денари | 2 500 Денари |
| 2место | 7 000 Денари | 2000 Денари |
| 3 место | 6 000 Денари | 1 500 Денари |

За освоено место на меѓународно и олимписко ниво, ученици таленти исто така се наградуваат со 100% повеќе од висината на наградите од државно републичко ниво.
За категоријата поединец од екипа за групно учество за секој поединец се потполнува посебно барање.

**ЧЛЕН 3**

Право на доделување на парична награда имаат учениците кои имаат статус на редовни или вонредни ученици и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе, како и ученици во училишта во други градови жители на Општина Свети Николе и со следниве услови:

**1**.Менторите да се жители на Општина Свети Николе и со работен ангажман во училиштата на територијата на Општина Свети Николе (се однесува само за ментори на ученици од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе). Менторот мора да биде официјално пријавен како ментор во пријавата за натпреварот и тоа да биде потврдено од училиштето

- Менторот има право на награда доколку е жител на Општина Свети Николе и вработен во училиште на територијата на Општина Свети Николе, независно од местото на живеење на ученикот што го менторирал.

**2**. Учениците да се ученици во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Свети Николеи ученици во училишта во други градови а жители на Општина Свети Николе;

**3**.Учениците да имаат примерно поведение;

**4**. По истите ученици да не се спроведени определени педагошки, дисциплински или казнени мерки од страна на училиштето, иситиот да не ја има повторувано годината;

А по Основ на успех освоен во тековната учебна година, поединечно прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар во знаење, по наставните предметиправо на парична награда за освоено место или награда имаат ученици кои освоиле место или награда на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставницизa натпревари на учениците или друга меѓународна организација, или за категоријата ученици таленти жители на општина Свети Николе по основ на освоено 1,2,3 место на национални/државни натпревари организирани од страна на Агенцијата за млади и спорт, како и други организации од Државен/национален карактер или Национални федерации/сојузи.

**ЧЛЕН 4**

**II. СПЕЦИФИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

**За категорија 1 Важат специфични карактеристики:**

**Државниот натпревар** мора да биде организиранод акредитирано здружение на наставници согласно Единствениот регистар на акредитирани здруженија на МОН во согласнаст со член 44 став 1. 2 и 3 од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25и 250/25) и член 24-а став 3, 4 и 5 од Законот за средно образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) односно организатор треба да биде акредитирано здружение на наставници а ученикот учеството на државниот натпревар задолжително да го обезбедил врз основа на резултатите постигнати на општинскиот и регионалниот Натпревар.

**Меѓународни натпревари**според член 45 став 2 од Законот за Основно образавание и член 24-б од Законотза средно образование„**под меѓународен натпревар** се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни државии да постои официјална ранг-листа објавена од организаторот (истата да биде доставена во прилог), на кој се споредуваат энаењата помеѓу учениците од различните држави, се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат". Ученикот на меѓународен натпревар може да учествува исклучиво како резултат на постигнат успех на државен натпревар.

**Специфичности за ментори и таленти**

За наградите Под Категорија 1.1 и 1.2 да се достави официјална ранг листа на сите наградени.

Награди како на ученикот следуваат и за неговиот ментор кај официјално при пријавувањето на ученикот е пријавен за негов ментор. Доколку ученикот имал повеќе ментори во текот на подготовките, наградата за ментор се дели подеднакво меѓу наведените ментори, освен ако училиштето не предложи друга прецизна поделба во писмена форма.

Училиштето мора да достави цврст доказ и преглед кој бил ментор на ученикот.

Менторот има право на награда само доколку е жител на Општина Свети Николе. Правото се признава и кога ученикот што го менторирал е жител на друга општина, но учи во училиште на територијата на Општина Свети Николе.

Кај менторите, без оглед на бројот на ученици, освоени места, награди, дисциплини или натпревари во текот на учебната година, се признава исклучиво еден (1) највисоко постигнат резултат.

Менторот може да биде награден само еднаш по учебна година, врз основа на највисокото рангирано постигнување на ученик под негово менторство

**За категорија 2 Ученици таленти се следнивеспецифични карактеристики:**

**Државни натпревари**Под државен натпревар се подразбира истите да се организирани од страна на Федерацијата на училишен спорт, Министерството за спорт, како и други

организации од Државен карактер или Национални федерации/сојузи како и нивни годишни ранг листи, на ранг листата да има минимум 5 учесници.
Натпреварите да бидат организирани од акредитирани здруженија согласно МОН или согласно соодветна Државна/националнаили Национална федерација/сојуз.
**Под меѓународен натпревар** се подразбира според член 45 став 2 од Законот за Основно образавание и член 24-б од Законотза средно образование**под меѓународен натпревар** се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни државии да постои официјална ранг-листа објавена од организаторот (истата да биде доставена во прилог), на кој се споредуваат энаењата помеѓу учениците од различните држави, се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат". Ученикот на меѓународен натпревар може да учествува исклучиво како резултат на постигнат успех на државен натпревар.
**Уметнички натпревар**, за потребите на овој Правилник, се подразбира настан организиран од национални културни институции, акредитирани асоцијации или меѓународни културни организации а согласно утврден правилник за натпреварување, со јавно објавени критериуми, жири-оценување и јасно утврдени награди (прво, второ, трето место или еквивалентни рангирања).
Како уметнички натпревари **не се признаваат** музички кампови, уметнички семинари, работилници, концерти, културни програми (фестивали во организација на општини, училишта или домови или центри на култура), разменски програми, проекти и други настани кои, и покрај меѓународно учество, немаат официјална ранг-листа, жири и објавени резултати.
Меѓународен карактер на настанот не е доволен услов за признавање, доколку настанот не вклучува натпреварувачка селекцијасо јасни критериуми на рангирање.
Приватни или комерцијални уметнички програми се признаваат само доколку се акредитирани од национална или меѓународна установа која официјално потврдува дека станува збор за натпревар.
**Специфичности за ментори и таленти од Категорија 2**
Кај учениците таленти, без оглед на бројот на освоени дипломи, сертификати, дисциплини, возрасни категории или видови учество, се признава исклучиво еден (1) највисоко рангиран резултат по учебна година, ученик талент може да поднесе само едно барање за тековната учебна година.
Менторот има право на награда само доколку е жител на Општина Свети Николе и работи во училиште на територијата на Општина Свети Николе. Правото се признава и кога ученикот што го менторирал е жител на друга општина, но учи во училиште на територијата на Општина Свети Николе.
Кај менторите, без оглед на бројот на ученици, освоени места, награди, дисциплини или натпревари во текот на учебната година, се признава исклучиво еден (1) највисоко постигнат резултат.
Менторот може да биде награден само еднаш по учебна година, врз основа на највисокото рангирано постигнување на ученик под негово менторство
Пофалници, сертификати за учество и други нерангирани признанија не претставуваат основ за награда.

**ЧЛЕН 4а**

Награди не следуваат за натпревари спроведени целосно по електронски пат, освен ако МОН или соодветната национална федерација ги признава како валидни натпревари од државен или меѓународен ранг. Истото се докажува со писмен акт.
**Онлајн натпревари** кои не се дел од официјално признат државен или меѓународен календар на МОН, Министерство за спорт или релевантна федерација/сојуз/асоцијација или друга национална акредитирана организација,**не се признаваат**и доколку истите имаат официјална ранг-листа и се дел од годишен календар на натпревари.

**ЧЛЕН 4-б**

За категоријата ученици таленти, ученикот може да биде награден само за неговиот **највисоко постигнат резултат** во тековната учебна година. Сите други дипломи, сертификати или награди стекнати во различни категории, возрасни групи, дисциплини или инструменти се прифаќаат како докази за активност, но не претставуваат основ за дополнителна награда.“
Поединечно и екипно учество се сметаат одвоено, но ученикот се вреднува само за резултатот кој носи повисока награда.
Учеството во различни старосни категории, различни инструменти или различни спортски дисциплини во истата учебна година не претставува основ за повеќекратно наградување.

## III. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

**ЧЛЕН 5**

**I. ОПШТИ ДОКУМЕНТИ (за сите категории и подкатегории)**
**1. Доказ за идентитет на ученикот**

– извод од матична книга на родени, или лична карта / пасош.
**2. Потврда од училиштето**
**-** Дека ученикоте редовен или вонреден ученик од училиштето каде учел како и за примерно поведение, и
- дека кон ученикот не е изречена педагошка, дисциплинска или казнена мерка и не ја повторувал годината.
**3. Копија од трансакциска сметка на ученикот или родителот/старателот,**
и доколку сметката е на родител/старател:
– копија од лична карта/пасош на родителот,
– копија од извод од матична книга на родени,
**4. Копија од решение за старателство (ако е применливо).**
**5. Докази за освоена награда:**
– копија од диплома, признание, сертификат;
– официјална ранг-листа од организаторот;
– јавен повик, правилник за натпревар или линк до организаторот.
**6. Превод и нотарска заверка,**
доколку документите се издадени во странство.
**7. Изјава за согласност за обработка на лични податоци** од барателот (ученик/родител/старател/ментор).Д
**8. Доказ за уплатена административна такса од 50 денари**

**II. СПЕЦИФИЧНИ ДОКУМЕНТИ**
**А. Подкатегорија 1.1 и 1.2 (ученици и ментори од општинските училишта)**

1. **Барање/Допис од директорот на училиштето, кој содржи:**
   – име и презиме на ученикот, одделение/година, ЕМБГ;
   – податоци за менторот (име, презиме, предмет, сметка, копија од лична карта);
   – потпис од Директорот и печат на училиштето.
2. **Опис на постигнатиот успех**(кратко образложение).

**Б. Подкатегорија 1.3 (ученици жители на Општина Свети Николе во училишта надвор од општината)**

1. Лично барање од ученикот или родителот/старателот.
2. Сите општи документи.
3. Опис на постигнатиот успех.
4. Доказ за уплатена административна такса од 50 денари

**В. Категорија 2 – Ученици таленти (спорт/уметност)**

1. Лично барање од ученикот или родителот/старателот.
2. Доказ за членство во клуб/федерација или уметничка институција, каде е соодветно.
3. Официјална ранг-листа со минимум 5 учесници.
4. Доказ за котизација, повик, правилник, календар или линк од организаторот (како доказ дека натпреварот е акредитиран).
5. Доказ за уплатена административна такса од 50 денари.

**III. Чек-листа за комплетност**
Општината усвојува Образец – Чек-листа, што ученикот/родителот или училиштето задолжително го потполнува и приложува кон барањето.
**<u>IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ НАГРАДИ</u>**

**ЧЛЕН 6**

Директорот на училиштето е должен во периодот помеѓу 5 и15 јуни до Комисијата за разгледување на доставена документација запостигнати успеси на учениците од Општина Свети Николе како и ученици и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе и категорија ученици таленти од Општина Свети Николеда го достави дописот со целокупанта потребна документација согласно член 5 став 1 на овој правилник, како и останатите одредби од овој правилник со што директорот потврдува дека се исполнети сите услови во целост за доделување на парична награда.
Општина Свети Николе, преку Градоначалникот, е должна по завршување на учебната година, а најдоцна до 1 јуни, да распише Јавен повик исклучиво за:
– ученици – жители на Општина Свети Николе кои учат во училишта надвор од територијата на Општина Свети Николе (подкатегорија 1.3) и
– ученици таленти – жители на Општина Свети Николе (Категорија 2),
со цел истите лично да поднесат барање за доделување парична награда согласно член 5 став (2) од овој Правилник, најдоцна до 15 јуни.

Задоделувањенагради од Овој Правилник одлучуваГрадоначалникотнаОпштинатапо претходенпредлогнаКомисијата за разгледување на доставена документација запостигнати успеси на учениците од Општина Свети Николе како и ученици и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе и категорија ученици таленти од Општина Свети Николе, формиранаодГрадоначалникот а во состав на 3 членаод редот на Општинската Администрација, од кои 1 член е Претседател на комисијата.

Комисијатаработи наседници коигисвикува исокоираководи Претседателотна Комисијата,но не покасно од 20 Август.

ЗатекотнаседницитенаКомисијатасеводиЗаписник.

Комисијатајапроверува основаноста икомплетноста надокументацијатадали истата евосогласностсонаведенитекритериуми во Правилникот.

Комисијата има за право да побара достава на дополнителна документација од подносителот на барањето.

Комисијатасогласноутврдената основаностнадобиената документацијаизготвува предлогиистиот го доставува до Градоначалникот.

Врзоснова наприфатениотпредлог одстрана наГрадоначалникот односно Секторот за финансиски прашања се донесува Решение за доделување награди запостигнати успеси на учениците од Општина Свети Николе како и ученици и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во општина Свети Николе и категорија ученици таленти од Општина Свети Николе

Наградите се доделуваат на пригодна и свечена манифестација/настан организаиран од Општина Свети Николе по Повод **14 Септември** – ден на Ослободување на Свети Николе, доколку за истите е завршена постапката за утврдување на правото на награда.Доколку постапката не е завршена, доделувањето може да се изврши по писмен пат.

Награда за ист ученик, за ист натпревар и за исто постигнување не може повторно да биде предмет на разгледување

Барањата коишто нема да бидат исплатени во тековната календарска година се префрлаат за исплата во наредната календарска година.

**Член 6а**

(1) Наградите утврдени со овој Правилник се исплатуваат како нето износ на корисникот.

(2) Општина Свети Николе е должна да го пресмета, пријави и уплати персоналниот данок на доход, со сопствени средства, согласно Законот за персонален данок на доход.

(3) Данокот не се одзема од наградениот.

**ЧЛЕН 6б**

**Неважечки случаи**

**Парична награда не следува за:**

1. учество без освоено место/награда;
2. пофалници, сертификати или благодарници без рангирање;
3. натпревари што не се официјално акредитирани;
4. натпревари коишто претставуваат проектни активности;
5. места/награди коивеќе биле исплатени по претходно барање.

**ЧЛЕН 6в**

Подносителот на барањето има право да поднесе приговор на донесеното решение во рок од 8 дена од денот на приемот.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот, кој е должен да донесе конечна одлука во рок од 15 дена.

На конечната одлука по приговор не е дозволена нова постапка во рамки на овој Правилник.

**V.Преодниизавршниодредби**

**ЧЛЕН7**

Составен дел на Правилникот се обрасците за доделување на парични награди за постигнати успеси и резултати учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во Општина Свети Николе, како и за наградување на ученици таленти – жители на Општина Свети Николе

Обрасците за поднесување барање се објавуваат на официјалната веб-страница на Општина Свети Николе и се достапни и во едношалтерската канцеларија при Општина Свети Николе.

**ЧЛЕН8**

Средствата за реализација на овој Правилник се обезбедуваат од Програмата за образование на Општина Свети Николепрограмите Н1 – основно образование и Н2 – средно образование, Исплатата се реализира во согласност со одлуките и расположливите средства во буџетот.

**ЧЛЕН 9**

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласникна Општина Свети Николе.
Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за наградување на ученици за успеси на републички, Олимписки и меѓународни натпревари бр. 0801-662 од 04.12.2019 г. неговите измени, сите претходни упатства, толкувања и интерни акти во врска со наградување на ученици и ментори престануваат да важат.

Бр.0801 - 176
27.02. 2026 година
Свети Николе

Совет на Општина
Свети Николе
Претседател,

Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди на Општина Свети Николе бр. 0801 – 177 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/10**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на Одлуката за востановување на општински признанија и награди бр. 0801-563 од 13.11.2015 (Сл. Гласник на Општина Свети Николе бр. 15/15), а во врска со член 57, 58, 59 и 60 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе бр. 1/06) Советот на Општина Свети Николе на седница, одржана на ден 27.02.2026 година, го донесе следниот:

**П Р А В И Л Н И К**
за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди на Општина Свети Николе

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на општински признанија и награди на Општина Свети Николе.

**Член 2**

Одборот за доделување на општински признанија и награди најмалку 15 дена пред празникот на општината распишува Јавна иницијатива за прибирање на пријави со предлози за

доделување на општински признанија и награди согласно Член 11 од Одлуката за востановување на општински признанија и награди.

Јавна иницијатива за прибирање на пријави со предлози за доделување на општински признанија и награди трае најмалку 5 дена од денот на нејзиното објавување.

Јавната иницијатива се објавува во локални медиуми, Веб страницата на Општина Свети Николе и Огласна табла како и други начини на информирање, како и се доставува по електронски пат до училиштата и јавните установи.

**Член 2а**

**Ликовен и литературен конкурс**

За Номинациите за доделување на општинските признанија и награди за ликовен и литературен конкурс за ученици од основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе, основните и средните училишта, врз основа на Јавната иницијатива објавена од Одборот, спроведуваат постапка за учество на учениците преку распишување на конкурс за учество на учениците а постапката се спроведува преку организирање на работилници и тоа литературна во ОУ Дом на културата и ликовна во ОУ Народен музеј.

Во рамки на ликовниот и литературниот конкурс за ученици од основните училишта, конкурсот се спроведува во две посебни подкатегории, и тоа: Прва подкатегорија – ученици од I до V одделение; Втора подкатегорија – ученици од VI до IX одделение.

Конкурсот е отворен за сите ученици од училиштата без ограничување и се објавува согласно роковите утврдени во Јавниот повик.

Литературните работилници се организираат во координација со Домот на културата, а ликовните работилници во координација со Народниот музеј, како општински установи од областа на културата.

ОУ Домот на културата и ОУ Народниот музеј, во соработка со основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе, имаат обврска да:

- обезбедат координатор – лице вработено од институцијата за реализација на работилниците;
- утврдат услови, правила и термин за одржување на работилниците;
- обезбедат еднакви услови за учество на сите пријавени ученици;
- ја координираат постапката за изработка на литературните и ликовните творби во рамки на работилниците.

За спроведување на постапката, училиштата на територијата на Општина Свети Николе, во меѓусебна координација, формираат заедничка комисија, посебно за основните и посебно за средните училишта.

Комисијата се формира од по еден претставник од секое училиште и тоа:

- посебна комисија за ликовниот конкурс (за основно и средно) и
- посебна комисија за литературниот конкурс (за основно и средно).

Комисиите:

– да учествуваат во кооординација со координаторите на работилниците и учесниците;
- ги разгледуваат пристигнатите творби,
- вршат вреднување според однапред утврдени критериуми;
- вршат вреднување **одделно по категории и подкатегории**;
- донесуваат одлука за предлог за прво, второ и трето место и
- доставуваат образложен извештај до Одборот а доделување на општински признанија и награди.

Литературните и ликовните творби кои учествуваат на конкурсот задолжително се изработуваат **исклучиво за време на организираните работилници**, во присуство на координатор и/или член на комисијата, без можност за нивна претходна или дополнителна доработка надвор од работилниците.

Не е дозволено учество, помош или влијание од страна на родители, наставници, ментори или други лица при изработката на творбите. Секоја творба за која ќе се утврди дека не е изработена самостојно од ученикот ќе биде дисквалификувана.

За секоја категорија и подкатегорија од ставот погоре, се врши **посебно вреднување** и се доделуваат **посебни награди за прво, второ и трето место**, согласно утврдените критериуми.

**Член 2б**

**Најдобар Просветен работник**

**Најдобар ученик**

Номинациите за признанијата и наградите во сферата на образованието: **најдобар Просветен работник** и **најдобар ученик** за завршената учебна година во вид на одлука се

доставуваат до Одборот за доделување на општински признанија и награди од страна на основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе, Кои за таа цел формираат свои интерни комисии, кои утврдуваат критериуми за оценување на кандидатите (професионални резултати, посветеност, иницијатива, придонес во наставата, однос кон учениците/граѓаните и друго).

- Изготвуваат ранг-листа со приоритетен редослед и бодување на кандидатите за секоја категорија.
- Ранг-листата и донесената одлука се доставуваат до Одборот за доделување на општински признанија и награди во утврдениот рок.

**Член 2в**

**Најдобри вработени – од институции од јавен сектор**

Се воведува категоријата „Најдобри вработени – од институции од јавен сектор кои вршат јавни дејности на територијата на Општина Свети Николе“, која опфаќа вработени од јавни установи, институции и организации на територијата на Општина Свети Николе, кои директно вршат услуги кон граѓаните од својата област или придонесуваат за нивното добро функционирање. Ова вклучува, но не се ограничува на:

- култура, комунални услуги, здравство и социјална заштита;
- припадници/вработени во други организации од централната власт, кои вршат јавни услуги на територијата на општината во рамки на надлежностите и во соработка со Општина Свети Николе.

Секоја јавна установа или организација е должна да формира интерна комисија за оценка на своите кандидати и да ги достави предлозите до Одборот за доделување на општински признанија и награди во роковите наведени во Јавната иницијатива.

Критериуми за избор на најдобри вработени – од институции од јавен сектор:

1. Професионалност и посветеност во давањето/вршењето на јавните услуги.
2. Иницијатива за подобрување на услугата и иновации во работата.
3. Однос кон граѓаните – љубезност, професионализам, пристапност.
4. Тимска соработка, одговорност и етика.
5. Долгорочна посветеност / искуство или специфичен подвиг/резултат.

**Член 3**

Пристигнатите предлози се доставуваат до Одборот за признанија и награди која е должна во рок до 5 дена од денот на завршувањето на конкурсот на Советот да му достави предлог за доделување на општински признанија и награди со составен записник и Опис на наградените по категории.

**Член 4**

Одлука за доделување на општински признанија и награди донесува Советот на Општина Свети Николе.

**Член 5**

Општинските признанија и награди се доделуваат на свечена седница на Советот на Општината закажана за таа пригода.

Општинските признанија и награди ги врачува Градоначалникот на општината, а во негово отсуство Претседателот на Советот на општината, на носителот на општинското признание и награда, ако е физичко лице, односно на законскиот застапник на правното лице.

Ако носителот на општинското признание и награда не е присутен или е починат, истото му се предава на членовите на неговото потесно семејство.

Како членови на потесно семејството во смисла на овој правилник се сметаат родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување.

**Член 6**

Општинските признанија и награди се потпишуваат од страна на Градоначалникиот на општината, имаат свој деловоден број и се заверуваат со печат на општината.

На носителите на наградата им се издава уверение за доделената награда.

**Член 7**

Општинската администрација води регистар на доделени општинските признанија и награди и истиот стои истаканат на Веб станицата на Општина Свети Николе.

**Член 8**

Наградите ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Свети Николе согласно можностите на буџетот.

Административно-техничките работи за потребите на Одборот, вклучувајќи ја и обврската од член 7 за водење на регистар, ги врши Општина Свети Николе – административниот работник задолжен за Совет или друго лице номинирано од страна на Градоначалникот

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Свети Николе

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделувања на признанија и награди на Општина Свети Николе бр.0801-653 од 29.11.2019 година.

Бр.0801 - 177
27.02. 2026

Свети Николе

Совет на Општина
Свети Николе
Претседател,

Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за НЕ воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион бр. 0801 – 178 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/11**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 05/2002 и “Службен весник на РСМ” бр. 202/24), а во врска со член 4 став 3 и член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ” бр.79/09 и “Службен весник на РСМ” бр. 241/24) и член 8 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен Гласник на Општина Свети Николе” бр.3/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата оддржана на ден 27.02. 2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за НЕ воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**Член 1**

НЕ се воспоставува меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци заради заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат на поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа, а кои се однесуваат на соработка за унапредување на економскиот развој на општините, преку соработка со управувањето со Повардарскиот регион ( општините Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка,

Валандово, Дојран и Богданци) за промоција на поширокиот Повардарски регион како туристичка дестинација и стратешки развој на туристичка дестинација.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во"Службен Гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801- 178** — **Совет на Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојувње на Извештај за финансиско работење на ЗЈП Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА – Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 31.12. 2025 година бр. 0801 – 179 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/12** — **Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и („Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден –27. 02. 2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за финансиско работење на ЗЈП Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА – Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 31.12. 2025 година**

1. Советот на Општина Свети Николе го усвои Извештајот за финансиско работење на ЗЈП Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА – Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 31.12. 2025 година усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-26/02 од 04.02.2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 179** — **Претседател,**
**27.02. 2026 година** — **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на  Завршна сметка на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година бр. 0801 – 180 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/13**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и („Службен весник на РСМ„ бр.202/24), а согласно член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02.2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршна сметка на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година**

1. Советот на Општина Свети Николе ја усвои Завршната сметка на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година донесена со Одлука на Управен Одбор бр. 02-26/3 од 04.02. 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 180**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош на лицето Б.А. бр. 0801 – 181 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/14**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 27.02.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **30.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош за понатамошно терапија - лекување да се исплати на **Бранислав Арсов** од Свети Николе со адреса на живеење ул.,,Септемвриска,, бр. 11 за лекување.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**Бр. 0801 - 181**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош на лицето Т.Д. бр. 0801 – 182 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/15**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **30.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош да се исплати на **Тамара Давиткова** од Свети Николе со адреса на живеење ул.,,Ванчо Ангелов,, бр. 12 за понатамошно лекување – терапија на нејзината ќерка Дарија.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**Бр. 0801 - 182** **Претседател,**
**27.02. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош на лицето М.И. бр. 0801 – 183 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/16** **Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **30.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош да се исплати на **Менка Иванова** од Свети Николе со адреса на живеење ул.,,Филип 2 ,, бр. 156-5 за понатамошно лекување – терапија.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**Бр. 0801 - 183** **Претседател,**
**27.02. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24,,) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош на лицето И.П. бр. 0801 – 184 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/17** **Општина Свети Николе**
**27.02. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **15.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош да се исплати на **Ирена Петровска** од Свети Николе со адреса на живеење ул.,,Младинска,, бр. 43 поради санирање на штета настаната од екслодиран бојлер во купатило.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**Бр. 0801 - 184** **Претседател,**
**27.02. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош на лицето И.М. бр. 0801 – 185 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/18**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **20.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош да се исплати на **Игор Младенов** од с. Пеширово - Свети Николе поради изградба на семејна куќа. Паричната помош да се исплати во натура.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**Бр. 0801 - 185**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош на лицето И.М. бр. 0801 – 185 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 187/18**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 27.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **20.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош да се исплати на **Никола Ристевски** од Свети Николе со адреса на живеење ул.,,Пиринска ,, бр. 1 поради гостување и промоција на Свети Николе на Хрватска радио телевизија.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**Бр. 0801 - 186**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

**СОДРЖИНА**

1.Одлука за продолжување на на работното време на угостителските објекти во општина Свети Николе за време на оддржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми;

2.Решение за разрешување на член во Управен Одбор на ЈКП "Комуналец" – Свети Николе;

3.Одлука за давање Согласност на Одлука за утврдување на износот на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;

4.Одлука за давање во закуп на недвижна ствар-имот во сопственост на Општина Свети Николе – хотелски комплекс во општина Дојран;

5.Одлука за отстапување на водоводната мрежа во М.З. Пеширово на ЈКП "Комуналец" Свети Николе;

6. Програма за одржување на јавно осветлување на Општина Свети Николе за 2026 година;

**7.**Годишна Програма за работа на ЈКП ,,Комуналец, Свети Николе за 2026 година;

8.Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;

9.Правилник за доделување на парични награди за постигнати успеси и резултати учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во Општина Свети Николе, како и за наградување на ученици таленти – жители на Општина Свети Николе

10.Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди на Општина Свети Николе;

11.Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион;

12.Извештај за финансиско работење на ЗЈП Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА – Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 31.12. 2025 година;

13.Завршна сметка на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година;

14.Одлука за финансиска помош на лицето Б.А.

15.Одлука за финансиска помош на лицето Т.Д.

16.Одлука за финансиска помош на лицето М.И.

17.Одлука за финансиска помош на лицето И.П.

**18.**Одлука за финансиска помош на лицето И.М.

**19.**Одлука за финансиска помош на лицето Н.Р.

**Бр. 0801 - 188**
**27.02. 2026 година**
**Свети Николе**